**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Бр: 03- 161/1
Скопје: 11.08.22

**Комисија за заштита на конкуренцијата**

## Годишен план за спречување на корупцијата во комисијата за заштита на конкуренцијата во 2022 година

Врз основа на Заклучокот од Педесеттата седница на Владата на Република Северна македонија, точка 83, одржана на 02.03.2021 година, а во врска со Информацијата за преземање мерки за борба против корупцијата каде што беа задолжени сите органи да донесат годишен план за спреување на корупцијата соодветен на нивната надлежност, а во врска со член 27 став 5 од Законот за заштита на конкуренцијата и член 6 од Статутот на Комисијата за заштита на конкуренцијата, претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата донесе

## Годишен план за спречување на корупцијата во Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2022 година

Под корупција се подразбира злоупотреба на функцијата, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или трето лице.

Поимот на корупција опфаќа:

-Пасивна корупција намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник бара и прима корист од било каков вид за себе или трето лице или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржи од делување во согласост со своите обврски или да ги врши надлежностите спротивно на службените обврски и

-Активна корупција намерно делување на било кое лице кое директно или преку посредник ветува или дава корист од било каков вид на службено лице, за него или трето

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

лице, со цел да делува или да се воздржи од делување во согласност со своите обврски или да ги врши надлежностите спротивно на службените обврски и

Судир на интереси подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасно вршење на овластувањата и должностите.

Поагајќи од фактот дека корупцијата ги загрозува правата што им припаѓаат на граѓаните, ги дерогира законите, ја оневозможува правдата, го осиромашува општеството ја поткопува правната држава, неопходно е борбата против ова зло да биде постојана обврска на секој вработен.

Со цел за успешно функционирање на сите аспекти од работењето на Комисијата, неопходна е потребата од изнаоѓање на соодветен и ефикасен начин за справување со корупцијата. Поради ова, потребно е бескомпромисна и неселективна борба против коруптивното однесување.

Целта на планот за спречување на корупцијата во Комисијата е пред се јакнење на личниот и професионалниот интергритет на вработените со цел на ефикасно спротивставување на корупцијата, судирот на интереси, како законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работите, на начин на кој вработените ќе го зачувуваат сопствениот и угледот на Комисијата.

Комисијата ќе се стреми да воспостави индивидуален интегритет на вработените, што подразбира личен однос кон прашањата на корупција, судирот на интереси, јавниот интерес и способност дасе изгради отпорност како сопствен начин на работа, како и отчетност, професионалност и корективност во извршувањето на надлежностите утврдени со позитивните законски прописи и акти на Комисијата.

Комисијата ќе се стреми да воспостави и институционален интегритет што означува отпорност кон корупција и подразбира воспоставен систем од политики, стандарди, механизми и процедури кои го намалуваат ризикот од коруптивно однесување од страна на вработените, предлагање на соодветни мерки за отстранување, а воедно ги мотивира кон чесен и професионален однос при извршување на службените должности согласно правилата, прописите, професионалните стандарди и етичкиот кодекс на однесување.

Главна задача за Комисијата ќе биденавремено препознавање на ризиците од корупција, предлагање на соодветни мерки за остранување на истите и санкционирање на сторителите. Комисијата долгорочно на превентивен и репресивен начин ќе ги оспособува и ќе ги јакне нормативните, институционалните и личните капацитети за ефикасна борба против корупцијата, ќе развива механизми за намалување на ризиците на корупција и нулта толеранција на корупција

Во рамките на превенција ќе се фокусира на намалување на можностите и создавање на неповолни услови за извршување на коруптивни дела, а за ефкасна борба

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

против истата политичката волја, нормативните решенија, ефикасна примена на законите институционалност и личниот капацитет и интегритет.

Никој не смее да биде исклучок при утврдување одговорност за корутивно однесување, како што никој нема мандат да го попречува, да го ограничува или на било кој начин разводнува процесот на утврдување одговорност.

Со годишниот план се утврдени областите каде најчесто постои ризик за појава на корупција и тоа:

-постапки за вработување, селекција и унапредување;

-постапки за јавни набавки;

-постапки за оценување на концентрации;

-при водење на прекршочни постапки (поведување, водење, завршување и определување на висината на глобата) и

-постапки за одобрување за доделување на државна помош.

Формите на корупција се препознаваат преку:

-злоупотреба на службената должност или положба за остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за трето лице,

-постапување или непостапување при вршење на службените задачи и овластувања,

-непочитување на стандардните постапки и процедури.

Во контекст на наведеното како приоритетна цел за 2022 година ќе бидат: јакнење на интегритетот на вработените, почитување на кодексот за административните службеници, меѓу институционална соработка во борбата против корупцијата, спроведување процена на ризик од појава на корупција на работните места, воведување на пишани процедури, професионализација, департизација и деполитизација на вработените, континуирана и специјализирана обука, јакнење на довербата на граѓаните да пријават корупција, зајакната контрола на јавните набавки, јакнење на принципите на отчетност и транспарентност во работењето на Комисијата.

Предлог мерки за спречување на корупцијата :

-Почитување на уставот и законите, почитување на антикорупциска политика и политика на интегрите, интерни процедури и правилници за постапување со предмети од сите области од работењето, почитување на рокови за решавање на предмети од надлежност на Комисијата, совесно, професионално и одговорно однесување, обезбедување транспарентност и отчетност во работењето, овозможување слободен пристап на информации од јавен карактер, почитување на финансиска дисциплина, назначување на лице за неправилности, сомнежи, измами и корупција, задолжително пријавување на

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

коруптивно, недозволиво, незаконито и неетичко однесување на службените лица, преземање на дисциплински мерки против лицата кои се однесуваат коруптивно, недозволиво, незаконито и неетичко.

За реализација на планираните активности и примена на предвидените предлог мерки надлежни се сите сектори во Комисијата. Годишниот план за спречување на корупцијата ќе биде објавен на интернет страната на Комисијата.

**Комисија за заштита на конкуренцијата**

**Претседател**

**Проф.д-р Владимир Наумовски**